**ГРАД СКОПЈЕ**

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Град Скопје

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за образование

**ПРЕТСТАВНИК:** Секретар на Град Скопје

**ПОВЕРЕНИК:** Раководител на
Сектор за образование

# П Р Е Д Л О Г - П Р О Г Р А М А
## за активностите на Градот Скопје од областа на средното образование во 2023 година

Скопје, декември 2022
година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 5/02), Советот на Град Скопје на ______________седница одржана на __________ 2022 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Градот Скопје од областа на средното образование во 2023 година**

## ВОВЕД НА ПРОГРАМАТА

Процесот на едукација на човекот претставува стекнување знаења, вештини и способности за совладување на потребите (образовна компонента) и стекнување животни и работни искуства, формирање ставови, развивање критички однос кон работата, доброто, вредностите на светот околу него (воспитна компонента). Современиот пристап укажува дека на образованието треба да се гледа како на инвестирање и процес што треба константно да се надградува. Поголемото инвестирање и подигнувањето на нивото на инвестирање се битен фактор во развојот на образованието.

## I . ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Главна цел на Програмата за активностите во областа на средното образование за 2023 година е да предложи проекти, мерки, активности и задачи, за наставни и вонннаставни активности, со која ќе бидат опфатени ученици од средните училишта на Градот Скопје. Еден од клучните предизвици на оваа Програма ќе биде подобрувањето на квалитетот на воспитно-образовниот процес на младите во рамките на законските можности, како и воспоставување европски принципи за образовен процес што треба дополнително да го стимулира развојот на средното образование. Истовремено оваа Програма има за цел да воведе родово сензитивен пристап при спроведувањето на сите проекти, мерки, активности и задачи. За оваа цел Град Скопје става акцент на следниве приоритетни цели:

1. ***Модернизирање на севкупните услови за работа во средните училишта на Градот Скопје и***
2. ***Креирање услови за развој на интегрирано и инклузивно средно образование, базирано на демократски принципи***

## II. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Со Програмата се дефинираат конкретните проекти, мерки и активности кои ќе се преземат за остварување на утврдените цели во областа на образованието во текот на 2023 година. Во неа се опишани начините за остварување на приоритетните цели, потребата од нивно реализирање и потребните финансиски средства.

## III. ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ ОД ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО 2023 ГОДИНА

***3.1*** **За остварување на првата приоритетна цел: „*Модернизирање на севкупните услови за работа во средните училишта на Градот Скопје“* ќе бидат преземени следниве проекти, мерки и активности:**

**3.1.1 Обезбедување бесплатен ученички превоз за сите ученици од средните училишта на Градот Скопје во текот на целата учебна година**. Со почетокот на 2023 година учениците од средните училишта на Град Скопје ќе имаат можност да користат бесплатен превоз и за време на зимскиот и летниот распуст и на овој начин непречено да ги извршуваат своите училишни обврски за посетување на феријална пракса и практикантска обука – учење преку работа, во институции и компании со кои училиштето има склучено меморандум за соработка, како и да учествуваат во воннаставните активности. На овој начин со бесплатниот ученички превоз ќе биде опфатен секој ученик запишан во средните училишта на Градот Скопје во текот на целата учебна година. Ваквите мерки треба да придонесат кон поголема мобилност на младите и редовност во исполнување на нивните училишни обврски, а од друга страна значат дополнително олеснување на товарот врз семејните буџети на сите ученици. Во насока на исполнување на оваа задача Градот Скопје ќе ги преземе следните активности:

- Креирање одделни бази на податоци за учениците запишани во средните училишта на Град Скопје;
- Изготвување упатства за евиденција на учениците коишто раководствата на училиштата ќе ги користат при обезбедувањето билети на учениците корисници на градски и меѓуградски превоз;
- Склучување Договор за вршење превоз на ученици со Јавното сообраќајно претпријатие – Скопје и обезбедување месечни трансфери на средства до училиштата за трошоците за меѓуградскиот превоз.

**Извори на средства**
За непречено користење на бесплатниот ученички превоз од страна на сите ученици, освен средствата кои се дел од трансферите од централната власт, во Буџетот на Град Скопје за 2023 година, во Н2 програма за средно образование, ставка 425, обезбедени се 110.000.000 денари.

3.1.2 **Модернизирање на инфраструктурата на средните училишта**
Во фокусот на оваа мерка ќе бидат инфраструктурни зафати со кои ќе се модернизираат физичките услови за работа во училиштата, ќе се подобри енергетската ефикасност на училишните објекти и ќе се унапредат безбедносните аспекти и комфорот на училишниот простор. Се планира реализација на: помали реконструкции на училишни згради, фасади, електрични инсталации, фискултурни сали, спортски игралишта, поставување лифтови за лица со попречености и слични активности коишто придонесуваат во создавањето на енергетско-ефикасни училишта и унапредување на нивната функционалност.

**Извори на средства**

За оваа намена средствата ќе се црпат од Буџетот на Град Скопје од потпрограма NB, ставка 481 и 480, во висина од 5.000.000 денари.

**3.1.3 Креирање предлог-план за упис на ученици во средното образование во соработка со социјалните партнери на училиштата којшто ќе го зголеми бројот на дуалните паралелки во средното стручно образование и ќе обезбеди максимален опфат на девојчињата и момчињата кои завршуваат основно образование.**

Градот Скопје ќе ја превземе улогата на медијатор и организатор на информативни сесии кои ќе го олеснат процесот на поврзување на училиштата и компаниите во насока на остварување на взаемните интереси за образување квалификуван кадар, соодветен на потребите на пазарот на трудот. За успешно одржување на социјалниот дијалог меѓу училиштата и бизнис заедницата Градот Скопје ќе обезбеди континуирана логистичка поддршка за одржување на: промотивни средби со цел склучување меморандуми за соработка кои ќе гарантираат можност на учениците за исполнување на курикуларните обврски за учење преку работа; за организирање отворени денови од страна на училиштата и за спроведување на медиумска кампања за поголема видливост на процесот.

Истовремено со Предлог - планот на Градот Скопје за запишување ученици во средните училишта ќе се обезбедат услови за максимален опфат на сите завршени деветоодделенци од подрачјето на градот Скопје и можност за вклучување на заинтересираните ученици кои завршуваат основно образование надвор од подрачјето на градот. Со предлог-планот ќе се настојува, пред сè, да се исполнат специфичните барања за упис на учениците и на ученичките, да се зголеми бројот на ученички во техничките струки, да се олесни пристапот до средното образование на ученичките Ромки обезбедувајќи навремени и релевантни информации за идните средношколци. Во таа насока Градот Скопје, во соработка со стручните служби на училиштата, за успешна реализација на планот и конкурсот за запишување ученици во прва година во средните училишта ќе спроведе истражувања и промоции кои ќе помогнат во подигањето на свесноста во училиштата за трендовите на сегрегација и родов дисбаланс во професиите. Ќе организира работилници за разбивање на стереотипите во однос на професиите како и упатства за регрутирање на нови кадри со позитивна дискриминација на помалку застапениот род, за надминување на родовиот јаз во техничките науки и презентации на статистички податоци за актуелните состојби на пазарот на трудот.

**3.1.4 Управување со функционални училишни буџети осетливи за современите и променливи барања на сите членови на училишната заедница.** Во рамките на активностите за управување со училишните буџети во текот на 2023 година ќе биде применета методологија за распределба на средства во функција на справување со енергетската криза односно приоритетно покривање на трошоците на училиштата за обезбедување на електрична и топлинска енергија. Тоа истовремено ќе значи и рационализација на трошоците на училиштата и развивање процедури за нивно навремено прераспределување кон останатите потреби на училиштата. По покривање на трошоците за

теквовно-оперативните расходи на училиштата средствата ќе се насочат кон дигитализација на образовниот процес преку обезбедување соодветна ИТ-опрема и преку унапредување на ИТ-вештините и компетенциите на наставниот кадар. Приоротет во функционалното искористување на училишните буџети ќе биде и набавка на современи наставни средства и помагала (асистивна технологија, интерактивни табли и сл.) и опремување на училишните лаборатории и кабинети. Со средствата од блок-дотацијата за средното образование и во соработка со бизнис заедницата, меѓународни фондации и домашни организации ќе се преземат и дополнителни мерки за модернизација на наставниот процес и работниот амбиент на училиштата.

**3.2 За остварување на втората приоритетна цел: „*Креирање услови за развој на интегрирано и инклузивно средно образование, базирано на демократски принципи*“ ќе бидат преземени низа проекти, мерки и активности во рамки на воннаставните активности на училиштата.** Имено, Градот Скопје креирајќи сопствена програма за воннаставнни активности, ќе понуди платформа, тематски профилирана, за да ги унапреди можностите за развој на потенцијалите на секој ученик во безбедна и демократска атмосфера. Крајната цел е да се овозможи на сите учениците, додека учат и се стекнуваат со академски знаења да развиваат вештини, компетенции и вредности кои ќе ги под готват за живот во мултикултурна и инклузивна заедница како што е градот Скопје. Во таа насока учениците ќе бидат приоритетно насочени кон проекти активности кои промовираат солидарност, емпатија, поврзување, одговорност кон другиот што секако придонесува во развивање на инклузивни, мирољубиви и праведни заедници. При реализација на сите планирани проекти, презентации, натпреварувања и истражувања ќе се промовира партиципативниот пристап на учество на сите вклучени субјекти, а во согласност со нивните лични потреби, можности и визии за промени.

Ќе бидат имплементирани следниве проектни активности:

1. *Унапредување на дигиталната писменост на сите членови на училишните заедници* - Градот Скопје фокусирано ќе ги следи потребите на училиштата и во таа насока ќе оствари соработка со разни експертски организации и поединци кои можат да пружат стручна поддршка на училиштата за подобрување на дигиталните вештини и знаења на наставниците и учениците.

2. *Психосоцијална помош на членовите на училишната заедница за справување со врсничкото и сајбер-насилство.* Ќе биде обезбедена стручна поддршка за унапредување на механизми и протоколи за справување со насилство со постапки за навремено и осетливо реагирање на врсничкото и сајбер-насилств. Овие активности треба да обезбедат континуитет на политиките на Градот за активно справување со безбедносните проблеми, кои добиваат различна појавност и бараат различни одговори и стратегии за нивно надминување. Крајната цел е

создавање на безбедни училишни средини како основен предуслов за учење и развој на учениците.

3. *Унапредување на животната средина* преку подигање на свеста на средношколците за личната одговорност во одржувањето на чистата и здрава животна околина. Преку соработка со разни експертски организации и поединци ќе се реализираат вонучилишни активности коишто се однесуваат на зголемување на зелените површини, рециклирање и зголемување на јавната еко свест за потребата од активно вклучување во заштита на животната средина.

4. *Итражувања и промоција на родовата равноправност, ученичките права, слободи и развој на креативноста* - вклучување на средношколците во истражувања водени од стручни лица со цел нивно правилно сензибилизирање за состојбите во однос на правата на учениците во образовниот систем, нивните слободи, родовата еднаквост, толеранција и недискриминација и други важни теми кои се помалку опфатени со редовните наставни програми.

5. Организирање манифестации на кои ќе се презентираат училишните постигнувања, ќе се промовираат најдобрите ученици и наставници и ќе се претстави воспитно-образовната дејност пред пошироката јавност.

   *За реализација на проектите и активностите на горепосочените теми под точките 1, 2, 3, 4 и 5 обезбедени се средства во Буџетот на Градот Скопје во Н2 Програмата, ставка 425, во висина од 2.000.000 денари и истите ќе бидат реализирани во соработка со невладини здруженија, фондации, експертски организации и правни лица кои ќе бидат ангажирани врз основа на постапка за јавен повик.*

6. *Почитување на различностите и унапредување на инклузивноста во образовниот процес* имаат централно значење за постигнување на квалитетно образование за сите ученици, вклучувајќи ги и оние со попреченост, како и за развивање инклузивни, мироључубиви и праведни заедници. Оттука определбата на Градот Скопје е со финансиска и логистичка поддршка да поддржи разни иницијативи кои го гарантираат правото на детето за образование врз основа на еднакви можности. Во таа насока е планирана реализацијата на проектите:

   *6.1. „Општинско-корисна работа“* има за цел да овозможи социјално вклучување на невработени лица преку нивно ангажирање како образовни и лични асистенти на ученици со посебни образовни потреби кои следат настава во средните училишта на Град Скопје. Овие лица ќе бидат ангажирани на определено скратено работно време од страна на Град Скопје и низ процесот на помагање на учениците тие ќе се стекнат со одредени вештини и конкурентност за вклучување на пазарот на трудот. За потребите на проектот Град Скопје склучува Договор со Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и УНДП, како и договор со лицата кои работно се ангажирани од страна на Градот Скопје. За ангажираните лица ќе се обезбеди паричен надоместок во износ од 14.000 денари (нето-износ по лице), средства обезбедени од

Буџетот на Град Скопје и од Буџетот на АВРСМ за оваа програма, кои УНДП ги трансферира до Градот Скопје. Дополнителен износ на средства се предвидуваат во Буџетот на Град Скопје за исплата на дополнителен ангажман на образовните и личните асистенти, усогласен со потребите на корисниците во износ од 4.000 денари, како и исплата на персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување.
На овој начин се зголемува можноста да бидат ангажирани поголем број на образовни и лични асистенти и генерално се унапредува квалитетот на поддршката на учениците со посебни образовни потреби и физичка попреченост.

*За спроведување на оваа потпрограмска активност предвидени се 3.000.000 денари во Н2, програмата за средно образование, ставка 464.*

6.2. *„Стипендирање на средношколци со попречености од средните училишта на Град Скопје" е проект за* подигање на квалитетот на образованието на оваа категорија на ученици. Учениците со попречености од средните училишта на Град Скопје ќе бидат стипендирани врз основа на условите и критериумите утврдени со Правилникот за доделување на стипендии на средношколци со попречености-ученици во средните училишта на Град Скопје.

7. *„Унапредување на интеркултурализмот: Зборувам на јазикот на мојот другар и реализација на заеднички часови"* е проект во рамки на кој во средните училишта на Град Скопје ќе се организираат бесплатни курсеви за изучување на јазикот на својот другар, наменети за заинтересирани ученици и наставници, а ќе се реализираат и заеднички часови во рамки на редовната настава на ученици кои наставата ја следат на различен наставен јазик. За потребите на курсевите по македонски, албански и турски јазик ќе бидат ангажирани наставници (филолози) од средните училишта кои ќе бидат задолжени да изготват програми за курсевите, да утврдат динамика за одржување на часовите, како и да го координираат целиот процес на ниво на училиште (информирање на учениците и наставниците, формирање групи, утврдување место и време на одржување на часовите, потребна литература и сл.). Курсевите ќе се организираат во училница или online, односно од далечина. Град Скопје со цел унапредување на меѓуетничката интеграција во училиштата логистички и финансиски ќе ја поддржи реаизацијата на заеднички часови по одредени наставни предмети во рамки на редовната настава на ученици кои наставата ја следат на различен наставен јазик.

8. *„Награда за најдобрите"* е проект во чии рамки ќе се обезбедат награди за учениците-првенци на генерација, за најуспешните наставници, за ученици кои освоиле прво место на значајни национални и меѓународни натпревари и олимпијади во знаење, како и за победниците на регионалните натпревари (скопски регион) во различни наставни дисциплини, како и за нивните ментори. Средните училишта на Град Скопје, по донесена одлука на Наставнички совет, ќе достават податоци за првенците на генерација до Секторот за образование, како и податоци за најуспешниот наставник во тековната учебна година. Директорите на средните училишта ќе достават

информација, со соодветен доказ, за ученици кои освоиле прво место на значајни национални и интернационални натпревари и олимпијади во знаење, додека пак акредитираните здруженија за спроведување на натпревари ќе достават податоци за победниците на регионалниот натпревар во Скопски регион, како и податоци за нивните ментори. Целта е да се афирмираат учениците и нивните знаења пред пошироката јавност и да се реафирмира знаењето и училишниот успех како врвна вредност која го потврдува и ги стимулира развојот на младиот човек.

*9.* Поддршка на Активот на стручните соработници од средните училишта на Град Скопје за развивање на програми преку спроведување истражувања, организирање трибини, дебати и тркалези маси за унапредување на менталното здравје, промоција на здрави животни стилови кај младите преку јакнење на свеста за личната одговорност во заштитата на сопственото физичко, психичко и социјално здравје, како и за подобрување на состојбите со менструалната сиромаштија и стигма во средните училишта на Град Скопје.

*10.* Формирање канцеларија за поддршка на средните училиштата за развој на проекти од претпристапната помош од ЕУ. Целта на проектот е сите средни училишта на Град Скопје да бидат вклучени во Еразмус програмата развивајќи пракса на навремено информирање, взаемна координација и нивна меѓусебна поддршка и соработка. Во таа насока ќе биде формиран координативен тим составен од наставници од средните училишта и координатор назначен од Град Скопје, а канцеларијата ќе има седиште во некое од средните училишта. Во работата на координативниот тим и во интерес на аплицирање за учество во определени проекти ќе бидат вклучувани претставници од бизнис заедницата, од невладиниот сектор и од образовните институциите во земјава. Истовремено задача на канцеларијата ќе биде да пружа активна поддршка за градење партнерства на училиштата со училишта од други држави и во промоција на нивните потенцијали за развој и промени. На овој начин очекуваме училиштата да ги унапредат севкупните компетенции за брзо прилагодување и следење на европските научно-технолошки текови, прифаќајќи го глобалниот предизвик за воспоставување на трансформативен образовен процес.

*За спроведување на потпрограмските активности под број 6.2., 7, 8, 9 и 10 предвидени се 3.000.000 денари во Н2 програмата за средно образование, ставка 464, и истите ке се реализираат како директни трансфери на училиштата, за наградените и вклучени наставници и ученици и за добитниците на стипендиите.*

11. *Град Скопје ќе обезбеди помош на училиштата во реализацијата на активности за меѓуетничката интеграција, поддршка на надарени и талентирани средношколци и унапредување на меѓународната соработка на училиштата*

11.1. *„Поддршка на училиштата за реализација на активности за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост“* е проект кој има за цел стимулирање на училишните заедници да градат и развиваат позитивни интеракции помеѓу учениците и наставниците од различни

етнички заедници, како на ниво на самите училишта, така и во соработка со партнер училишта. Во рамки на овој проект ќе се поддржат активности кои ќе ги реализираат средните училишта, а кои се предвидени со Стратегијата и Акцискиот план за унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието и граѓанската вклученост. Град Скопје, меѓудругото, приоритет ќе даде на следниве училишни МИО активности:

- планирање и реализација на заеднички наставни часови во редовна настава.
- организирање младинска отворена дебата на ниво на средни училишта на Град Скопје
- презентација на најдобрите практики за МИО
- денови на интеркултура (ликовни колонии, изложба на фотографии, музички настани, поетски читања, хуманитарни акции, спортски турнири, креативни работилници)
- покренување на младински иницијативи од страна на училишната заедница
- мултикултурни и интеркултурни работилници, работилници за демократска партиципација, човекови права, права на детето, мировно образование.

11.2*. „Поддршка на надарени и талентирани средношколци“* е проект за поддршка на талентирани и успешни ученици од средните училишта во нашиот град кои учествуваат во значајни меѓународни и домашни научни и спортски натпревари, олимпијади и манифестации. Со овој проект ќе се демонстрира конкретна грижа и помош на патот на успехот на учениците кои остваруваат вонредни резултати во процесот на нивното образување и творење и ќе се охрабрат сите останати да ја изразат оргиналноста и уникатноста на нивната личност. Истовремено ќе се обезбеди помош на училиштата кои ќе иницираат организација на натпревари на знаења и ќе ги промовираат оргиналните постигнувања на учениците и наставниците.

11.3*. „Унапредување на активности за меѓународна соработка“* со оваа потпрограмска активност се опфатени проекти, иницијативи и манифестации од областа на меѓународната соработка на училиштата и тоа во делот на:

- интензивирање на соработката меѓу училиштата од збратимените градови.
- поврзување на учениците и училиштата од Градот Скопје со ученици, училишта и институции од други земји, како и во мрежи на меѓународни организации преку организирање и учество во натпревари, конкурси, манифестации кои имаат меѓународен карактер.
- воспоставување соработка со домашни и странски експерти и организации на полето на унапредување на дигиталната писменост на учениците и наставниците.

За остварување на овие цели Градот Скопје ќе обезбеди:

- Логистичка и финансиска поддршка на училиштата за развивање на меѓународната соработка за активности од стручен и научен карактер со соодветни училишта, организации и фондации од регионот и пошироко, особено со земјите членки на Европската Унија.
- Поддршка (финансиска и логистичка) за организирање и реализирање на размена на ученици од скопските средни училишта со ученици од збратимените градови
- Иницирање и воспоставување соработка со домашни и странски експерти и организации на полето на промоција и подигање на свеста за важноста на дигиталната писменост меѓу учениците и наставниците. Спроведување конкретни активности за подигање на дигиталните компетенции на учениците и наставниците преку овозможување на нивна сертификација.

Во активностите за меѓународна соработка ќе бидат вклучени стручните служби на Градот Скопје, претставници на невладиниот сектор и на релевантните владини институции, како и ученици, наставници и директори од средните училишта на Градот Скопје**.**

*За спроведување на потпрограмските активности под број 11.1, 11.2 и 11.3 предвидени се 1.900.000 денари во Н2 програмата, ставка 426, и истите ке се реализираат како директни трансфери до училишта, а врз основа на доставена документација од училиштата до Секторот за образование.*

**Вкупниот износ на средства планиран во Буџетот на Град Скопје за 2023 година за реализација на активности од областа на средното образование изнесува 124.900.000 денари.**

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Градоначалникот на Град Скопје се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма.

Оваа програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје".

Број ______________
________________2022 година
С к о п ј е

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Трајко Славески

## О б р а з л о ж е н и е

Со член 36 од Закон за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 05/02) е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје.

Активностите предложени во оваа Програма се во согласност со Закон за Градот Скопје, Закон за средното образование, Закон за локалната самоуправа, Закон за стручно образование и обука, Закон за еднакви можности на мажите и жените, Стратегијата на Град Скопје за унапредување на меѓуетничката интеграција и граѓанската вклученост (2019-2024). Реализацијата на дел од предложените проектни активности ќе започне во 2023 година, а дел од активностите се реализираат во рамки на годишни циклуси.

Во насока на остварување на првиот приоритет Градот Скопје презема активности за зацврстување на локалните образовни политики фокусирани на: „Модернизирање на севкупните услови за работа во средните училишта на Градот Скопје“, а во согласност со :

- Закон за средно образование, член 41-а **-** Обезбедување бесплатен ученички превоз за сите ученици од средните училишта на Градот Скопје во текот на целата учебна година.

- Законот за локална самоуправа, член 21 и член 22 **-** Модернизирање на физичките услови за работа на училиштата

- Закон за средното образование, член 42, и согласно проектот на Министерството за образование и наука за реформи во стручното образование во соработка со Швајцарската агенција за развој и соработка „Учи паметно, работи стручно“ - Креирање предлог-план за упис на ученици во средното образование во соработка со социјалните партнери на училиштата којшто ќе го зголеми бројот на дуалните паралелки во средното стручно образование и ќе обезбеди максимален опфат на девојчињата и момчињата кои завршуваат основно образование.

- Закон за средното образование, член 101 и 104 - Управување со функционални училишни буџети осетливи за современите и променливи барања на сите членови на училишната заедница

Планираните проектни активности и мерки за остварување на втората приоритетна цел: **„**Креирање услови за развој на интегрирано и инклузивно средно образование, базирано на демократски принципи“ првенствено се во согласност со одредбите од Закон за средното образование, член 24-в и член 40 и произлегуваат од Стратегијата на Град Скопје за унапредување на меѓуетничката интеграција и граѓанската вклученост (2019-2024).

Истовремено, бројните проекти во вториот приоритет треба да придонесат во остварување на зацртаната цел за демократизирање на училишниот живот, како основа за остварување на потенцијалите на секој ученик и гарантирање на ученичките права. Крајната цел на сите активности е образовните институции на

Градот Скопје да станат места во кои се почитуваат различностите и взаемната соработка и соживот.

Врз основа на горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Програма за активностите на Градот Скопје од областа на средното образование за 2023 година.